# ***ПРЕПОРАКА***

## *за ТРАЈКОВСКИ & ПАРТНЕРИ Консалтинг*

Во периодот ноември 2007 – март 2008 година во рамките на ГОФРЕ проектот (Градење административни капацитети за интеграција во ЕУ) беше реализиран проектот **ОБУКА ЗА АНАЛИЗА НА ПОЛИТИКИ СО ПОДГОТОВКА НА БЕЛЕШКА СО МИСЛЕЊЕ.** Директни корисници на резултатите на овој проект се Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања.

Целта на овој проект беше да обезбеди техничка помош и поддршка за Генералниот секретаријат на Владата на Република Маледонија и Секретаријатот за европски прашања при воведувањето на бараните процеси од страна на ЕУ.

Реализацијата на овој проект беше доверена на **Трајковски & Партнери Консалтинг** за кого истата претставуваше професионален предизвик и шанса да ги пренесе најдобрите европски пракси и искуства во подготвувањето на „Briefing Notes" од страна на државните службеници во Генералниот секретаријат.

Конкретна цел на проектот беше да се оспособат државните службеници во Генералниот секретаријат да делуваат како тим за проверка на квалитетот на политиките и предлозите кои се поднесени до Владата на РМ и да подготвуваат белешки со мислења за материјалите и актите кои се поднесени на Владата за понатамошно разгледување. Главни резултати од овој проект беа:

- Реализирана дводневна обука за 17 учесници
- Извештај од реализираната обука со препораки
- Електронска верзија на комплетните материјали од обуката на ЦД (презентации и вежби, користена литература, дополнителни материјали, примери, фото галерија)

Реализацијата на проектот се одвиваше согласно договорената динамика и со очекуваниот квалитет. За времетраењето на проектот комуникацијата и соработката помеѓу консултантскиот тим на Трајковски & Партнери и учесниците во проектот беше на највикоко можно ниво.

Од овие причини чувствувам обврска да го изразам моето задоволство од соработката со **консултантскиот тим на Трајковски & Партнери** во реализација на овој проект, потенцирајќи ја нивната професионалност, одговорност, креативност и сериозност во реализацијата. Ми претставуваше задоволство да, заедно со **Трајковски & Партнери** работам на овој проект и се надавам дека нашата соработката ќе продолжи и во иднина.

*ПРОЕКТЕН МЕНАЏЕР*
*Неда Малеска Сачмароска*

---

***ГОФРЕ – „Градење на административни капацитети за ЕУ интеграции"***